Никола ЖЕЖОВ УДК: 323.28(497.1):329.13(=163.3)„1918/1941“

# ВМРО-РЕАЛНА ОПАСНОСТ ИЛИ ИЗГОВОР ЗА РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ?
## Необјавени документи на Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија за ВМРО

***Кратка содржина***

*Во периодот меѓу двете светски војни, политичко-безбедносната состојба во Македонија под српска власт била главен предмет на интерес на безбедносните и разузнавачките служби на Кралството на СХС(Југославија). Тајните елаборати и извештаи што се подготвувале во Министерството за внатрешни работи на југословенската држава ја посочувале македонската организација ВМРО како еден од главните фактори на нестабилност во Вардарска Македонија. Затоа,српските безбедносни фактори постојано се занимавале со изработка на државна стратегија за борба против ВМРО и другите организации во македонското револуционерно движење. Преку добро подготвени пропагандни активности, владата на Кралството на СХС(Југославија) успеала да го придобие јавното мислење и да ги оправда репресивните мерки што се преземале во Македонија под српска власт, под изговор дека тие се насочени против ВМРО како антисрпска и антидржавна организација.*

***Клучни зборови:*** *ВМРО, МАКЕДОНИЈА, РЕПРЕСИВНИ МЕРКИ, КРАЛСТВО ЈУГОСЛАВИЈА.*

Државните органи на Кралството Југославија во меѓувоениот период интензивно се занимавале со состојбата во Македонија под српска власт. Важноста на тој дел од територијата на државата и диктирал на југословенската влада да презема најразлични мерки за зацврстување на власта во Вардарска Македонија. Во поглед на тоа, состојбите на југот од државата аналитички биле следени од државно-безбедносните служби кои биле во состав на Министерството за внатрешни работи. Овој државен орган имал прилично голем полициски и административен кадар на територијата на Македонија. Огромното присуство на жандармерија се објаснувало со нестабилната политичко-безбедносна состојба која дополнително се влошувала со навлегувањето на вооружени чети од териториите на Албанија и Бугарија.

Како најприсутна опасност по територијаниот поредок на српската власт во Вардарска Македонија била предочена организацијата ВМРО. Затоа и опсервацијата и интересот на српските безбедносни органи кон оваа македонска организација бил најголем. Полиците на министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија биле полни со извештаи, преписки, тајни елаборати и анализи кои се однесувале на организациската поставеност и дејствувањето на ВМРО. Пристапот на српските државно-безбедносни фактори кон ВМРО бил насочен во повеќе правци: од една страна се вршела детална анализа на историјатот, политичките цели и четничкиот и војводскиот кадар на ВМРО; од друга страна редовно се следеле дејците на ВМРО за кои српската власт сметала дека се носечки личности на оваа организација; и од сосема трета страна, дел од овие разузнавачки сознанија, најчесто преувеличени се објавувале во печатените медиуми што имало за цел да предизвика страв, но и омраза на српскиот народ кон ВМРО како и да ги оправда евентуалните репресивни мерки што поради оваа организација биле преземани од властите во Белград во Македонија под српска власт. Комбинацијата на сите овие правци на дејствување на српската власт и соодветното министерство за внатрешни работи кон ВМРО, во целост се огледуваат во примерот на неколкуте документи од 20-тите и 30-тите години на XX век кои воедно ги изразуваат и официјалните политички ставови на централната власт во Белград кон статусот на Македонија.

Во текот на 30-тите години на XX век, Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија направило повеќе елаборати кои се однесувале на дејствувањето на ВМРО. Од тој период потекнува и еден особено детален документ кој направил опширна анализа на историјатот на ВМРО од нејзиното основање во 1893 година, до забраната и укинувањето на ВМРО-автономистичка во 1934 година. Интересно е тоа што фактографските податоци, со мали исклучоци се воглавно точни, но нивната интерпретација била во правец на тоа ВМРО да биде претставена како терористичка организација која претежно била антисрпски настроена и со подршка од бугарската држава. Српските аналитичари во ова министерство дејствувањето на оваа македонска организација го поделиле во три временски периоди за кои истакнале дека имаат свои специфичности.

Во првиот дел од анализата се потенцирало силното влијание на бугарската егзархија во 19 век врз, како што се вели „Македонските Словени“ кои дотогаш не биле определени како Бугари, туку повеќе се

чувствувале како Срби[1], што како теорија се поклопува со српскиот државен став за аморфниот карактер на македонскиот народ. Главниот извор на проблемите, според српските безбедносни аналитичари бил фамозниот член 23 од Берлинскиот мировен договор од 1878 година кој предвидувал „создавање автономна Македонија под суверенитет на турската империја“.[2] Токму тој дел од Берлинскиот мировен договор бил повод, според српски гледишта за основање на Македонската револуционерна организација во 1893 година. Како главна раководна личност на Организацијата во првите години на дејствување бил посочен Даме Груев, што секако е блиску до вистината, а се нагласувал и член 1 од Уставот на ВМРО според кој оваа македонска организација се борела за полна политичка автономија на Македонија. Во обидите да се дефинираат вистинските цели на ВМРО, српските безбедносни служби како една од најзначајните личности на Организацијата го посочуваат и Борис Сарафов со кого го поврзуваат формирањето на нејзината четничка мрежа во Македонија.[3] Во овој дел се занемарува улогата на идеологот и основачот на четничкиот институт на ВМРО, Гоце Делчев, кој во деталната анализа е споменат само попатно, на неколку пати. Но, не треба да изненадува „популарноста“ на Сарафов кај српските безбедносни служби, знаејќи го фактот дека овој македонски револуционер неколку пати во својот живот и дејствување имал допирни точки со српската држава. Секако, обидите на Борис Сарафов да стапи во контакт со српските државни фактори и неговото пристигнување во Белград пред Илинденското востание било премолчено и само попатно споменато во овој, но и другите извештаи, веројатно за да не се компромитира српската држава околу состојбите во Македонија и ВМРО. Во заклучниот дел од првото поглавје за организацијата ВМРО, српските аналитичари за овој сегмент од македонското прашање, констатирале дека во овој период бугарската влада не се мешала во работата на Организацијата. Најголемиот дел од македонските дејци на Организацијата, како што биле Делчев, Сарафов и Ѓорче Петров кои се набројани како такви, се залагале за самостојниот карактер на ВМРО и биле „русофили и сакале и понатаму да ги одржуваат своите врски со Русија чија потпора ја уживале...[4]

[1] Архив Србије и Црне Горе (АСЦГ), фонд 14, кут.29, Постанак, развитак и организација Унутрашње Македонске Револуционарне Организације В.М.Р.О., Од 1870 до 1887 год., 245.

[2] Ibidem, 245.

[3] Ibid, 250a.

[4] Ibid, 251.

Српските безбедносни служби особено внимание посветиле на анализата на дејствувањето на ВМРО во периодот по Илинденското востание за што изнеле една интересна констатација според која и покрај тоа што бугарската влада инсистирала и влијаела оваа организација да се определи за присоединување на Македонија кон Бугарија, „водачите на македонското движење Груев и Сарафов и другите останаа и понатаму автономисти“.[5] Српските аналитичари по прашањето на ВМРО констатирале дека Даме Груев и Борис Сарафов, кого го вбројувале меѓу клучните личности на оваа македонска организација, „останале верни на идејата за автономија на Македонија“.[6] Токму ваквиот заклучок бил збунувачки, затоа што од една страна ВМРО се прогласувала за пробугарска организација, а од друга страна се тврдело дека нејзините водечки личности цврсто се држеле до идејата за автономна македонска држава. Бидејќи се работи за строго доверливи извештаи на министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија кои не се за широка употреба, не може да се констатира површност, туку веројатно се работи за официјални информации кои како такви биле прикажувани на највисоките државни органи што требало да изградат политички став кон организацијата ВМРО.

Најголем интерес кон дејствувањето на ВМРО, извештајот, а и другите документи од министерството за внатрешни работи покажале во моментите кога на чело на Организацијата дошол „злогласниот Тодор Александров“.[7] Веднаш после тоа, според српските безбедносни служби, четите на ВМРО во Македонија започнале со „терор против српското население“[8]. Со ваквата констатација за постоење на српски народ во Македонија, безбедносните служби јасно ставиле до знаење дека властите во Белград не отстапувале од тезите за наводниот српски карактер на Вардарска Македонија. И по завршувањето на Балканските војни и Букурешкиот мировен договор во 1913 година, оваа македонска организација од страна на државно-безбедносните служби на Кралството Југославија била прогласена за терористичка и антисрпска. Несигурноста што владата во Белград ја имала во поглед на ставовите на оваа организација најдобро се огледува во мислењето дека „ВМРО се обиде да воспостави своја власт на нашата територија во Јужна Србија, но ослободениот народ не ја прифати

[5] АСЦГ, фонд 14, кут.29, Од 1903 до 1920 год., 252.

[6] Ibidem, 252а.

[7] Ibid, 253.

[8] Ibid.

оваа акција, туку се свrти против бандитите на ВМРО“.[9] Се поставува логичкото прашање, зошто една организација како ВМРО би тргнала да воспоставува своја власт на територија каде нема население кое би ја подржувало, а уште помалку би ја „прифатило идејата за обединување на Македонија во една автономна држава“[10] коешто барање и самото било потврдено од безбедносните служби како главен политички лозунг на македонската организација. Немајќи друго објаснување на ова, српските безбедносни служби им објасниле на своите претпоставени во соодветните државни органи дека „цел на оваа акција на ВМРО била да во Јужна Србија предизвика бунт и отцепување на истата од Србија и создавање на некоја лажна автономна Македонска (во оригиналот со голема буква, Н.Ж.) држава на која бугарската влада веќе би и го доделила својот заземен дел од македонската територија во војната 1912-1913 година“.[11]

Веќе во периодот од 1915 до 1918 година, за време на бугарската окупација на Вардарска Македонија, српските аналитичари од министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија ја оцениле ВМРО како соработник на бугарската влада поради тоа што не прогласила создавање на автономна или независна македонска држава, но „обединување со мајка Бугарија“.[12] Ваквите заклучоци во ова министерство, со прикажување на податоци за егзекутирани претставници на српската власт во Македонија во време на Првата светска војна, имале за цел да ги оправдаат репресивните мерки на владата во Белград на територијата на Македонија под српска власт по 1918 година.

По завршувањето на Првата светска војна, анализите на министерството и понатаму укажувале дека главната раководна личност во ВМРО од која требало да стравува српската власт во Македонија бил Тодор Александров.[13]

---

9 Ib.,253a.

10 Ib.

11 Ib., 253a/254.

12 Ib.,254.

13 ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ (1881-1924), македонски деец, војвода, член на ЦК на ВМРО. Бил роден во Штип. Завршил педагошко училиште во Скопје во 1897 година. Станал член на ВМОРО и бил затворен од турската власт во март 1903 година, а бил ослободен во април 1904 година. Станал четник во четата на штипскиот војвода Мише Развигоров, а бил учесник и на конгресот на Скопскиот револуционерен округ на ВМОРО. Учествувал на Ќустендилскиот конгрес на ВМОРО во 1908 година. Во 1911 година станал член на ЦК на ВМОРО. Во Првата светска војна учествувал во формирањето на 11-та македонска дивизија. По војната бил член на ЦК на ВМРО и еден од нејзините најзначајни раководители. Под негово раководство ја претворил Пиринска Македонија во „држава во држава“ и ВМРО се наоѓала во непријателски односи со владата на Александар

Оттаму, најголем простор во елаборатот на министерството за внатрешни работи бил одвоен кон Александров, а помалку кон останатите два члена на ЦК на ВМРО, Александар Протогеров[14] и Петар Чаулев.[15] Секако, зачудува и фактот што српските безбедносни служби ги прогласиле Протогеров и Чаулев за експоненти на бугарскиот двор, додека Тодор Александров го сметале за еден од најголемите противници на земјоделската влада на Александар Стамболиски. Но, во поглед на превласта и доминацијата во ЦК на ВМРО се немало никакво сомнение дека „вистински господар во нелегалната организација бил популарниот Тодор Александров кон кого се придружиле сите четнички војводи“.[16]

Српските безбедносни фактори во извештајот исто така забележале дека и бугарската власт ја подржувала опозицијата против Тодор Александров, внатре во редовите на ВМРО, но поради моќта на Организацијата и слабоста на Бугарија, не се осмелувала на отворена борба против него. Овој доверлив елаборат за состојбите во ВМРО констатирал дека во оваа македонска организација се водела борба за превласт, која се одвивала со меѓусебни физички ликвидации на спротивставените фракции. Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија заклучило дека по државниот преврат во Бугарија во јуни 1923 година, ВМРО во целост „станала орудие на бугарската влада“.[17] Особено интересни за следење на безбедносните служби во

---

Стамболиски. Во 1924 година започнал преговори со СССР и Коминтерната за нивна помош на ВМРО и обединување на останатите македонски организации во рамките на ВМРО. Биле еден од потписниците на Мајскиот Манифест на ВМРО на 6 мај 1924 година. Бил убиен на 31 август 1924 година кај село Сугарево, Пиринска Македонија.

14 АЛЕКСАНДАР ПРОТОГЕРОВ (1867-1928), македонски деец, војвода, член на ЦК на ВМРО. Бил роден во Охрид. Александар Протогеров(Охрид, 23 февруари 1867) учествувал во Горноџумајското и Илинденското востание. Бил претседател на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија(1912-1918). Станал член на ЦК на возобновената ВМРО, заедно со Александров и Чаулев. По убиството на Тодор Александров се спротивставил на новите терористички методи на дејствување на Иван Михајлов. По неговото убиство во 1928 година, крилото во кое дејствувале неговите приврзаници во ВМРО, било наречено -протогеровисти.

15 ПЕТАР ЧАУЛЕВ(1880-1924.), македонски револуционер, деец, војвода, член на ЦК на ВМРО. Бил учесник во Илинденското востание 1903 година. Станал еден од организаторите на т.н.Охридско востание во 1913 година против српската власт во Вардарска Македонија. Од 1911 година бил член на ЦК на ВМРО. По Првата светска војна учествувал во возобнувањето на ВМРО и станал член на ЦК на оваа организација. Дејствувал во Западна Македонија користејќи ги четничките канали за влез од територијата на Албанија. Во 1924 година бил потписник на Мајскиот манифест на ВМРО. Бил убиен во декември 1924 година во Милано од страна на атентатор на ВМРО.

16 Ib., 254а.

17 Ib., 256.

Југославија биле напорите на ВМРО да склучи сојуз за соработка со СССР, на што посветиле значаен дел од овој писмен документ. За да ги алармираат своите претпоставени од повисоките кругови во Министерството за внатрешни работи, креаторите на овој елаборат пресметале дека клучен момент што Советска Русија стапила во преговори со ВМРО бил невозможноста за соработка на Организацијата со бугарската влада, бидејќ и „оваа ги искористува македонските организации само во своите внатрешни борби и пресметки со политичките противници, така што организацијата постепено троши луѓе и материјални средства, без никаква шанса за една надворешна акција кон Југославија“.[18] Ваквиот заклучок требало да предизвика впечаток кај властите во Белград за загрозеноста на Југославија од дејствувањето на ВМРО.

Извештајот ги анализирал и состојбите во ВМРО по убиството на Тодор Александров во 1924 година, за кое како најодговорна личност бил посочен вториот член на ЦК, Александар Протогеров. Убиството на Александров од страна на безбедносните служби на Кралството Југославија било пречекано со олеснување, иако во овој документ не му е одвоен поголем простор. Но, и за тоа има причина, бидејќи во услови кога веќе го немало најголемиот непријател по државниот суверенитет на Србија во Вардарска Македонија- „озлогласениот“ Тодор Александров, на српските безбедносни служби им била потребна нова личност во македонското револуционерно движење со која ќе го застрашуваат српското јавно мислење и ќе имаат оправдување за репресивните мерки во „Јужна Србија“. Таа личност ја нашле во Димитар Влахов[19], еден од основачите на новата организација ВМРО (об.). Влахов и во моментите кога се наоѓал меѓу преговарачите на ВМРО во Виена со Коминтерната и СССР пред потпишувањето на Мајскиот манифест во 1924 година, не останал незабележан од српската разузнавачка мрежа во Австрија. Сепак државните фактори во Белград го чекале погодниот момент за вклучување на „црвеното светло“ за аларм по безбедносната состојба во Кралството Југославија.

---

18 Ib., 257.

19 ДИМИТАР ВЛАХОВ(Кукуш, 1878-Скопје- 1953), учесник во македонското национално ослободително движење. Се школувал во Швајцарија. Бил еден од основачите на Народната федеративна партија. По Младотурската револуција бил избран за пратеник во турскиот парламент. Бил пратеник на Тодор Александров и ВМРО во преговорите со СССР. Учествувал во создавањето на ВМРО(Об.). Бил потпретседател на Првото заседание на АВНОЈ, а по ослободувањето извршувал високи државни функции во југословенската федерација.

Поради сите овие показатели, 1925 година е многу значајна во државната стратегија на Кралството на СХС кон ВМРО и другите македонски организации. Разните податоци и извештаите на безбедносно-разузнавачките служби укажувале на тоа дека „македонствујушчите“ подготвувале вооружени акции од поголем обем во Македонија под српска власт во текот на 1925 година. Но, и покрај тоа што навистина во сите тајни извештаи и елаборати се содржеле огромен број на податоци за подготовките на ВМРО за четничка акција и атентати, се поставува прашањето дали тоа имало реална основа? И откаде потекнувал тој страв на српските безбедносни служби од ВМРО? Како класичен пример за тоа бил еден извештај од српската разузнавачка мрежа во Виена од 1925 година во кој се наоѓаат многу зачудувачки податоци кои анализирајќи ја природата на документот, веројатно се предочувале на раководните личности на безбедносните органи во Кралството Југославија. Во овој случај, вниманието на безбедносните служби било насочено кон Димитар Влахов, а не кон настаните што се случувале во ВМРО-автономистичка, која дотогаш се посочувала како главен непријател на државните граници во јужните делови од Кралството Југославија. Интересен е податокот според кој Влахов бил прогласен за една од најмаркантните фигури во македонското революционерно движење. Тој, според известувањата на српскиот пратеник од Виена, после убиството на Петар Чаулев станал „душа на движењето и единствен наследник, бидејќи нема веќе со кој да ја дели власта“.[20] За особеното место на Димитар Влахов во македонското револуционерно движење, српскиот делегат заклучувал и од строгите заштитни мерки околу неговата лична безбедност. Според него, Влахов „има кај себе во Виена осумдесет, до заби, вооружени комити, заколнати по нивниот обичај, на кама и на бомба дека нема да се смират дури не го ослободат Балканот од тиранијата“.[21] Тие биле и неговата телесна гарда и според српскиот делегат ниту еден владетел на земјината топка не бил толку заштитен како Димитар Влахов. По однос на неговото движење, делегатот ги известувал раководните личности во Министерството за внатрешни работи дека Влахов никаде не излегувал, освен ако одвреме на време не бил повикуван во полиција, но и „тогаш тој е во автомобилот со уште двајца четници, а пред и зад него исто така е по еден автомобил со по четири

[20] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.29, Delegat ministarstva unutrašnjih poslova Kraljevine Jugoslavije u Beču, Влахов, стр.108а.

[21] Ibidem.

вооружени Македонци“.[22] Овие податоци за обезбедувањето на Влахов му биле потврдени на српскиот делегат од уште неколку лица од кои побарал дополнителни информации. Од овие констатации, колку и да се предимензионирани, може да се заклучи дека српската власт била целосно преокупирана од организацијата, но и самото име ВМРО, бидејќи сите македонски организации кои имале ваков префикс, според српските безбедносни служби биле потенцијална опасност за суверенитетот на Белград во Вардарска Македонија. Како инаку може да се објасни фактот што во истиот извештај, на Протогеров како на една од носечки личности на ВМРО-автономистичка му бил одвоен сосема мал простор, како да се работи за некоја маргинална личност, а не водач на вооружена организација која е реваншистички расположена кон версајскиот систем на граници во делот на Македонија под српска власт. Дури, сознанијата на српскиот делегат оделе во правец на тоа дека Александар Протогеров бил убиен, што не била точна информација, за што бил известен и Влахов во Виена, но веста се криела „за да се зачува дисциплината и единството на македонскиот комитет, бидејќи во овие денови кога уште Воената лига и Македонскиот комитет би попуштиле, целата работа би пропаднала и завршено би било со денешна Бугарија“.[23] Стравот кај српските безбедносни служби во 1925 година уште повеќе бил засилен и од некои нивни сознанија дека во атентатот врз цар Борис во катедралната црква Св. Недела во Софија, меѓу другите биле вмешани и вклучени и некои членови на различните македонски организации.

Потврда на тоа дека навистина работите се одвивале во тој правец, покажале настаните од мај 1925 година. Белградските весници, меѓу кои најмногу весникот „Политика“, осамнале со вознемирувачки наслови за можни терористички напади на ВМРО во престолнината на Кралството на СХС. Според нив, „македонствујушчите“ веќе подолго време ја подготвувале вооружената акција со помош на Советска Русија. Оттаму, не треба да изненадува преокупираноста на српските безбедносни служби со улогата на Влахов во македонското револуционерно движење, бидејќи тие добро ја знаеле неговата поврзаност со Коминтерната и со СССР. Според „Политика“ која како провладин весник имала најдобар извор на информации, во текот на мај 1925 година, ВМРО (не се нагласува дали е тоа ВМРО (об)

---

22 Ibid.

23 АСЦГ, фонд 14, кут.бр.29, Delegat ministarstva unutrašnjih poslova Kraljevine Jugoslavije u Beču, Протогеров, стр.109.

или ВМРО-автономистичка, Н.Ж.) имала за цел да изврши атентати врз претседателот на владата на Кралството на СХС и членови на владата. Според весникот „по системот на атентатот во црквата Св. Недела во Софија, луѓето на Македонскиот Комитет имале за цел да го кренат во воздух, Дворот во Белград, Претседателството на владата и Министерството за надворешни работи, Министерството за војна, Управата на градот, државната печатница и печатниците и редакциите на големите весници“.[24] Поради тоа биле засилени безбедносните мерки пред сите овие позначајни државни институции во Белград. Се претпоставувало дека мета на атентаторите од Бугарија требало да бидат и поранешни високи функционери на бугарската земјоделска власт кои во тој момент се наоѓале во Белград. Весникот исто така истакнувал дека бројката на атентаторите биле околу седумдесетина, што како податок требало да предизвика уште поголем ефект и реакција на српската власт против сите посочени можни извршители на вооружените акции. Атентатите, според овие сознанија, требало да започнат на 15 мај 1925 година со убиство на кралот и претседателот на владата Никола Пашиќ.[25] За да се спречат овие дејствија на ВМРО, српската полиција презела низа превентивни мерки, пред се претрес на сомнителни лица во возовите кои пристигнувале во Белград, но за идентитетот на уапсените луѓе не соопштувала некои позначајни детали. Во интерес на откривање на атентаторите, кои според „Политика“ веќе имале пристигнато во Белград и неговата околина, полицијата извршила претрес на неколку приватни куќи и хотели во градот, „посебно во оние во кои живееле комунисти и Македонци“.[26] Во акцијата биле уапсени повеќе Македонци кај кои биле пронајдени револвери, а при испрашувањето пред иследните органи тие изјавувале дека во Белград биле дојдени на печалба. Со тоа, според српската полиција била завршена уште една нејзина превентивна акција против организациската мрежа на ВМРО која овојпат се заканувала со атентати кои можеле од корен да ја загрозат безбедноста на Кралството, но овој пат не во Македонија, туку во престолнината на државата. Сепак и после ова, останува прашањето, колку биле реални претпоставките за ваква вооружена акција од страна на оваа македонска организација. Уште позбунувачки е и податокот што властите во Белград, атентатите покрај со ВМРО, ги поврзувале и со комунистите. Оваа претпоставка е малку

---

24 „Атентатори у Београду“, „Политика“, 16 мај 1925 година, бр.6127, стр.1.

25 Ibidem, 1-2.

26 Ibid., 2.

веројатна ако се имаат во предвид непријателските односи на ВМРО-автономистичка со комунистите, посебно по убиството на Тодор Александров што раководството на оваа македонска организација го сметала за дело на припадниците на македонската левица, посебно комунистите, Коминтерната и СССР. Но, и покрај ова не може да се отфрли во целост ваквата опсежна акција на ВМРО против институциите на системот на Кралството на СХС, затоа што веќе претходно Организацијата вршела слични атентати во Македонија под српска власт, но и во некои делови од Јужна Србија. Како и да е, ова послужило како оправдување на властите во Белград за репресивните мерки во Македонија под српска власт со изговор дека тие се насочени не против македонскиот народ, туку против ВМРО и нејзината организациска мрежа.

На прв поглед, овие неколку документи со провиниенција од Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија изгледаат дека воопшто немаат допирни точки. Но, нивната внимателна анализа и познавањето на државната стратегија на официјален Белград кон ВМРО и другите сегменти од македонското прашање го докажуваат спротивното. Постоела голема координација помеѓу неколкуте државни институции, влада на Кралството Југославија, Министерство за внатрешни работи и провладини печатени медиуми, особено околу стратегијата за борба против ВМРО и другите организации во македонското револуционерно движење. Затоа не случајно е посочен примерот со 1925 година. Најпрвин следувала внимателна анализа на сите сегменти, внатре во ВМРО од страна на српските безбедносни служби. Како втора фаза следувале пласираните доверливи информации за најекспонираните личности во ВМРО до највисоките кругови во соодветното министерство за внатрешни работи. И на крај, третата фаза се состоела во објавувањето на дел од строго доверливите информации во печатените медиуми, само во обем прифатлив за тогашното јавно мислење. Првата фаза имала за цел пред соодветните државни органи ВМРО да ја претстави како антисрпска, пробугарска и терористичка организација. Втората фаза требало да ги посочи конкретните личности во ВМРО и другите македонски организации кон кого се насочувало вниманието на безбедносно-разузнавачките служби. И на крај, третата фаза, преку публикувањето на некои информации во медиумите, требало да предизвика омраза на српското јавно мислење кон ВМРО, но и оправдување на репресивните мерки што српската власт ги преземала во Вардарска Македонија. Ваквата координирана активност на српската власт имала

делумен успех и воглавно била подржувана од поголемиот дел од општествената јавност во Кралството Југославија. Властите во Белград, од една страна успевале да создадат впечаток во државата за тоа дека во Македонија под српска власт водат борба со една моќна македонска организација. Од друга страна кај јавноста создавале страв, но и омраза кон ВМРО како организација која се борела за отцепување на еден дел од државната територија на Кралството Југославија. Без да навлегуваме во анализа на тоа дали властите во Белград биле убедени во силата и моќта на ВМРО да предизвика територијални промени на штета на југословенското кралство, можеме да заклучиме дека тоа во што биле сигурни била целосната преокупираност на јавноста со овој сегмент од македонското прашање за еден подолг временски период и поддршката на поголемиот дел од неа за репресивните мерки во Вардарска Македонија.

*(Рецензент: проф. д-р Даринка Петровска)*

Nikola ZHEZHOV

## IMRO-REAL DANGER OR EXCUSE FOR REPRESSIVE MEASURES? Unpublished documents of the Ministry for internal affairs of the Kingdom of SCS about IMRO

### Summary

In the period between the two world wars, political and the security situation in Macedonia under the Serbian authorities was the main subject for interest of securities and intelligences services of the Kingdom of SCS(Yugoslavia). The secret documents and reports which were prepared in the Ministry for internal affairs of the Yugoslavian state pointed the Macedonian organization IMRO as the one of most important reasons of unstability in Vardar part of Macedonia. That's why, the Serbian security authorities constantly were occupied with creating of state strategy for struggle against IMRO and other organizations in the Macedonian revolutionary movement. Across good prepared propaganda activities, the government of the Kingdom of SCS(Yugoslavia) succeeded to gain the public opinion and to justify the repressive measures in Macedonia under the Serbian authorities, with excuse that they are pointed against IMRO as an antiserbian and antigovernment organization.

Key words: IMRO, MACEDONIA, REPRESSIVE MEASURES, KINGDOM YUGOSLAVIA.